Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневни настани 31.01.2024

На 30.01.2024 во 17.50 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Н.А.(42) од Велес. Тој се сомничи дека околу 17.30 часот со употреба на сила и подесен алат влегол во црква на улица „Благој Ѓорев“ во Велес и одзел пари.  Кај него биле пронајдени парите и биле вратени во црквата, како и предметот со кој го извршил делото. Тој бил приведен во полициска станица, за настанот бил известен јавен обвинител и по негово документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.01.2024, полициски службеници од ОВР Демир Хисар го лишиле од слобода С.Ф.(36) од с.Суводол, демирхисарско. Имено, во ОВР Демир Хисар Н.С.(41) од с.Суводол пријавила дека била опожарена влезната врата од нејзиниот продажен објект во с.Суводол, а по преземени мерки и извршените оперативни проверки било констатирано дека сторител е С.Ф.. Во службен разговор тој го признал делото и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 30.01.2024 во 22.15 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Центар и Бит Пазар при СВР Скопје го лишиле од слобода М.С.(24) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.01.2024 на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода Р.Г.(42) од Косово затоа што при извршена проверка било констатирано дека за него имало распишана меѓународна потерница по барање од Интерпол Германија. Тој бил изнесен пред Основното јавно обвинителство Скопје и предаден на Основен суд Скопје, каде му бил одреден 30 - дневен екстрадиционен притвор, по што бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Скопје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (30.01.2024) продолжи со акциските контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 190 мерки, меѓу кои 13 санкции за непочитување на брзината на движење, 15 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за поминување на црвено светло на затворен семафор, 12 мерки за користење на мобилен телефон...

Во текот на вчерашниот ден (30.01.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 114 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 58 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 56 надвор од населено место.

На 30.01.2024 во 14.57 часот во СВР Битола било пријавено дека на излез од Битола кон Демир Хисар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „пежо 407“ со битолски регистарски ознаки, управувано од К.Ј.(36) од Битола и комбе „фолксваген“ со битолски регистарски ознаки, управувано од А.С.(25) од с.Вирово, демирхисарско, во кое биле превезувани 18 работници од битолска фабрика. Во несреќата, од здобиените повреди на местото починал сопатникот од патничкото возило К.К.(42) од Битола. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Со тешки телесни повреди се здобиле тројца патници од комбето, Б.М.(38) од с.Кутретино, демирхисарско, М.Н.(43) од с.Стругово, демирхисарко и Д.Ј.(34) од с.Суводол, демирхисарско, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и 15 сопатници од комбето, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Битола.

На 30.01.2024 во 10.20 часот во Полициската станица Карпош, Б.С.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Трифун Бузев“ во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 30.01.2024 во 11.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Б.Р.(67) од Скопје пријавила дека на ул.„Алексо Демниевски“ во Скопје била касната од куче скитник.

На 30.01.2024 во 22.30 часот во Полициската станица Драчево Е.Џ.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„Иван Хаџи Николов“ во Скопје била касната од куче скитник.

Полициски службеници на СВР Тетово, денеска (31 јануари) околу 08.10 часот во тетовски Требош го лишиле од слобода 23-годишниот Ш.С. од ова село поради сомнение дека извршил кражба на акумулатори од товарни возила и работни машини, сопственост на градежна фирма од тетовско Желино, кои потоа ги нудел за продажба на други лица. Се расчистува и документира случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (30 јануари) околу 11.30 часот на улица „Благоја Тоска‟ во Тетово лишиле од слобода двајца малолетници од Тетово. Тие се сомничат дека пред неколку дена во Скопје противправно одзеле патничко моторно возило „хонда‟ и без регистарски ознаки и дозвола го управувале. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово, а возилото му било вратено на неговиот 35-годишен сопственик А.Ј. од Скопје. По целосно документирање на случајот против малолетниците ќе следуваат соодветни поднесоци.

Триесет и осумгодишен тетовец, вчера (30 јануари) во 11.20 часот во СВР Тетово пријавил дека бил измамен од Д.А.(37) од Република Турција со кого пред десетина дена се договориле да му набави производни машини од Турција и на кого во три наврати му дал пари. Според пријавеното, тој ниту ги добил машините, ниту му ги вратил парите, а веќе и не му се јавувал на повиците. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2024 од 10.00 до 16.00 часот, полициските службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на возила и возачи во рамките на која се проверувала техничката исправност на возилата, но и дали и колку од возачите користат сигурносни појаси и мобилни телефони додека возат. Притоа, откриени и санкционирани биле 9 возачи (ТЕ-8 и ГВ-1) кои не користеле сигурносни појаси и 20 (ТЕ-18 и ГВ-2) кои возеле и зборувале на мобилен телефон. На возачите-прекршители изготвени им се законски предвидените поднесоци со парични глоби од 40 и 50 евра во денарска противвредност, а со адекватни поднесоци биле заокружени и 7 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-4).Покрај ова, санкционирани биле и 3 возачи (ГВ) кои управувале возила со неисправни уреди за управување.

На 30.01.2024 во 17.52 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Драчево настанал пожар на две бараки, сопственост на К.М. и А.Ѓ. од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 30.01.2023 во 17.57 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Центар настанал пожар во напуштен поранешен угостителски објект. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 30.01.2024 во 15.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на патека, при симнување од врвот на Водно кон Средно Водно, паднал и со тешки телесни повреди се здобил С.С.(53) од Скопје. Со интервенција на екипа од Единицата за брзо распоредување при МВР, С.С. бил пренесен до возило на Итна медицинска помош, по што бил пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски‟ – Скопје за укажување лекарска помош.

На 30.01.2024 во 23.28 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Шишево, скопско, било опожарено патничко возило „мерцедес‟ со скопски регистарски ознаки, сопственост на Д.Ѓ.(49) од с.Шишево. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 30.01.2024 во 20.20 часот во СВР Скопје, 28-годишна жена од Скопје пријавила дека во домот на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од нејзиниот сопруг Е.Ш.(33) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, Л.П.К.(43) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Карпош, по претходна вербална расправија, бил физички нападнат нејзиниот малолетен син од двајца соученици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2024 во 19.00 часот во СВР Скопје, Ј.П.(22) од с.Сарај, скопско, пријавил дека околу 16.50 часот пред паркот Сарај во Скопје, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од С.Б., Б.А., Е.А., Џ.Б. и Р.Н, сите од с.Грчец, скопско, а притоа Е.А. извадил и огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2024 околу 13.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на подрачје на Бит Пазар, едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.01.2024 во ОВР Кичево е пријавено дека на улицата „Мирка Угринова Гина‟ во Кичево Д.Д.(84) бил каснат од куче скитник. Истиот ден, Б.Ц.(57) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Индустриска‟ во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 30.01.2024 во 19.00 часот во Полициската станица Велес, А.С.(20) од Скопје пријавил дека на улица „Благој Ѓорев‟ во Велес бил каснат од куче скитник.

На 30.01.2024 во 12.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Л.С.(62) од Скопје пријавила дека на ул.„Социјалистичка зора‟ во Скопје била касната од куче скитник.

Денеска (31.01.2024) во 01.20 часот во Полициската станица Аеродром, В.Т.(44) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански‟ во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Х.М.(27), Л.М.(49) и Д.Н.(33), сите од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 13.09.2023 во Велес, полициски службеници пронашле и одзеле неколку пакувања хероин и амфетамин кои претходно го фрлиле пријавените.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Љ.Т.(44) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 08.09.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана, кокаин, дигитална вага и пари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Д.С.(34) од Свети Николе поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 15.09.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.Д.(20) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 31.05.2023, полициски службеници извршиле претрес кај лице од Битола, при што била пронајдена и одземена марихуана, која претходно ја набавил од пријавениот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет